**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

***Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи***

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

март 2023 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), како и врз основа на наодите од Извештајот на функционалната анализа бр. 01-467/3 од 30. 11. 2022 година, директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи на ден _____________ година донесе:

ПРАВИЛНИК

ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИТЕ ГРУПИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува внатрешната организација и начинот на работа како и начелата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи (во понатамошниот текст Комисијата), видот и бројот на организационите единици и делокругот на работа на организационите единици, начини и форми на раководење со делокругот на работа, преодни и завршни одредби и графички приказ на внатрешната организација на Комисијата (органограм).

Член 2

Со внатрешната организација утврдена со овој Правилник се обезбедува: законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите од делокругот на Комисијата , утврдени со Законот и други прописи и акти.

Член 3

Внатрешната организација на Комисијата се утврдува во зависност од надлежноста утврдена со закон, други прописи и акти, а работите и задачите како и видот и бројот на организационите единици, се утврдуваат и групираат според сродноста, меѓусебната поврзаност и во зависност од видот и обемот на работите и задачите и степенот на сложеноста на истите.

Член 4

Работите и задачите од надлежност на Комисијата се вршат преку: 2 (два ) сектори и 4 (четири ) одделенија.

Член 5

Во Дирекцијата хиерархиската поставеност се утврдува на следните нивоа:

- директор
- заменик на директорот
- сектори и
- одделенија.

Член 6

Графичкиот приказ за внатрешната организација на Комисијата (органограм) е составен дел на овој Правилник.

## II ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 7

За законито и ефикасно извршување на работите и задачите од надлежност на Комисијата , се образуваат следните организациони единици:

1. СЕКТОР ЗА ПРАШАЊА НА ЦРКВА, ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА И РЕЛИГИОЗНА ГРУПА И СТРУЧНА ПОДДРШКА

1.1. Одделение за теолошка поддршка и прашања на верските субјекти

1.2. Одделение за стручна поддршка, организација на настани и меѓународна соработка

2. СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ, ПРАВНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА

2.1. Одделение за правни и финансиски прашања, човечки ресурси и документација

2.2. Одделение за административна и техничка поддршка

## III ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 8

**Сектор за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршка**

Секторот за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршка ги планира, подготвува и реализира активностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи кои што се однесуваат на:

- Афирмирање и развој на слободата на вероисповед и унапредување на верските слободи и права;
- Водење грижа за заштита на начелото на секуларност во државата;
- Воспоставување на постојана соработка со црквите, верските заедници и религиозните групи и унапредување на нивната положба во општеството;
- Следење на работата, активностите и дејствувањето на црквите, верските заедници и религиозните групи;
- Изготвување на анализи на различни интересовни подрачја и подготовка на информации за работата на верските субјекти, како и за присутните религии и нивните особености;
- Преглед на анализи поврзани со верската сфера и аналитика на религиозниот живот во државата;
- Водење на евиденцијата на регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи;
- Водење евиденција за појава на нови нерегистрирани субјекти и на разни здруженија од областа на религијата и нивното делување;
- Издаваштво на Комисијата во областа на националниот и верскиот живот, значајни научни истражувања од областа на теологијата, историјата, културата и и уметноста, како и музичко сценска и аудио-визуелна презентација на духовното наследство;
- Советување, помагање и поддршка на функционирањето на верските субјекти и нивните проекти;
- Регулирање, поддршка и заштита на правната и општествената положба на верските субјекти во рамки на остварување на нивните законските утврдени права;
- Води грижа за рамноправен третман и за заштита на автономијата на верските субјекти;
- Подигнување на свеста за почитување на човековото право на вероисповед и почитување и развој на толеранција кон различностите;
- Го следи почитувањето и имплементирањето на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група од страна на верските субјекти и на другите правни акти, дава предлози за подобрување на законската регулатива;
- Покровителство на директорот на Комисијата на настани, манифестации и случувања;
- Краткорочно и долгорочно планирање на работните активности;
- Координација на реализацијата на проектите и активностите на Комисијата;

- Води грижа, дава иницијативи за навремено одбележување, организирање и протокол на прослави, јубилеи, настани, верски празници, како и подготовка на учества, честитки и аналитика на евидентирани значајни случувања;
- Води статистика за развојот и основањето на нови верски храмови во земјава и странство;
- Стручна обработка на материјали и подготовка на стручни и организациски мислења потребни за работата на Комисијата;
- Развој и одржување на постојани односи со македонската дијаспора, црковните општини, манастири и џамиски одбори во странство и организациите на дијаспората;
- Меѓународна активност, соработка со институции, верски субјекти, меѓународни организации,
- Протоколарна поддршка за потребите на директорот на Комисијата, институцијата и активностите во кои е институцијата ангажирана;
- Теолошка и стручна поддршка за потребите од планирање и димензионирање на активностите и нивната реализација, аналитички придонес и поддршка на работата на директорот на Комисијата;
- Поддршка во предмети за унапредување на третманот на културното наследство и развој на верскиот туризам;
- Афирмирање, развој и промоција на основните верски традиции, култури и вредности;
- Активности за негување на мултиконфесионалниот дијалог, соработка и разбирање;
- Следење на сферата на спречување на верски базиран радикализам и фундаментализам;
- Следење на релевантни меѓународни случувања, актуелни прашања и анализа на компаративни искуства;
- Стручна поддршка при планирање и организирање на одбележувања и јубилеи;
- Изработка на извештаи за меѓународни организации, за потребите на други институции и водење на евиденција на извештаи за меѓународна употреба;
- Следење и унапредување на состојбите со верските образовни установи;
- Следење и унапредување на соработката со верските службеници од различни верски конфесии;
- Поттикнување и создавање на услови за соработка на верските заедници со државата, но и соработка меѓу различните конфесии;
- Следење на меѓуконфесионалните односи и спречување на тензии;
- Следење и поддршка на агендата на директорот на Комисијата;
- Реализирање на програмските и вонпрограмските активности на Комисијата со кои се остваруваат нејзините надлежности и цели;
- Составува извештаи и ја следи состојбата врзана за верските слободи и права и заштита на начелото на секуларизам во државата;
- Го следи верскиот печат и литература, како и дневниот печат и медиумите;
- Во соработка со другите сектори обработува барања за одобрение на престој за странско верско лице;
- Во соработка со другите сектори постапува по барањата за давање на мислење за потврдување на јавен интерес на дадени донации;

- Следење на законската регулатива поврзана со прашања од интерес на верските заедници, давање предлози и мислења во однос на законски прашања од верската сфера;
- Преведувачки работи, собирање материјали и документи од верската сфера и соживот потребни за работата;
- Советување на државни службеници од областа на религискиот живот во земјава и странство;
- Изработка на стратешки и годишен план за работа на институцијата;
- Соработка со другите сектори и раководството на институцијата и координирање во постапувањето.

**I Одделение за теолошка поддршка и прашања на верските субјекти**

Одделението за теолошка поддршка и односи со црквите, верските заедници и религиозните групи ги подготвува, насочува, координира и постапува по предмети и активности врзани со:

- Воспоставување на постојана соработка со црквите, верските заедници и религиозните групи и унапредување на нивната положба во општеството;
- Следење на работата, активностите и дејствувањето на црквите, верските заедници и религиозните групи;
- Преглед на анализи поврзани со верската сфера и аналитика на религиозниот живот во државата;
- Водење на евиденцијата на регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи;
- Водење евиденција за појава на нови нерегистрирани субјекти и на разни здруженија од областа на религијата и нивното делување;
- Регулирање, поддршка и заштита на правната и општествената положба на верските субјекти во рамки на остварување на нивните законските утврдени права;
- Води грижа за рамноправен третман и за заштита на автономијата на верските субјекти;
- Координација на реализацијата на проектите и активностите на Комисијата;
- Води статистика за развојот и основањето на нови верски храмови во земјава и странство;
- Развој и одржување на постојани односи со македонската дијаспора, црковните општини, манастири и џамиски одбори во странство и организациите на дијаспората;
- Теолошка и стручна поддршка за потребите од планирање и димензионирање на активностите и нивната реализација, аналитички придонес и поддршка на работата на директорот на Комисијата;
- Афирмирање, развој и промоција на основните верски традиции, култури и вредности;
- Стручна поддршка при планирање и организирање на одбележувања и јубилеи,

- Активности за негување на мултиконфесионалниот дијалог, соработка и разбирање;
- Следење на релевантни меѓународни случувања, актуелни прашања и анализа на компаративни искуства;
- Следење и унапредување на соработката со верските службеници од различни верски конфесии;
- Поттикнување и создавање на услови за соработка на верските заедници со државата, но и соработка меѓу различните конфесии;
- Следење и поддршка на агендата на директорот на Комисијата;
- Реализирање на програмските и вонпрограмските активности на Комисијата со кои се остваруваат нејзините надлежности и цели;
- Составува извештаи и ја следи состојбата врзана за верските слободи и права и заштита на начелото на секуларизам во државата;
- Следење на законската регулатива поврзана со прашања од интерес на верските заедници, давање предлози и мислења во однос на законски прашања од верската сфера;
- Советување на државни службеници од областа на религискиот живот во земјава и странство;
- Соработка со другите сектори, одделенија и раководството на институцијата и координирање во постапувањето.

**II Одделение за стручна поддршка, организација на настани и меѓународна соработка**

Одделението за стручна поддршка, организација на настани и меѓународна соработка ги подготвува, насочува, координира и постапува по предмети и активности врзани со:

- Афирмирање и развој на слободата на вероисповед и унапредување на верските слободи и права;
- Водење грижа за заштита на начелото на секуларност во државата;
- Изготвување на анализи на различни интересовни подрачја и подготовка на информации за работата на верските субјекти, како и за присутните религии и нивните особености;
- Издаваштво на Комисијата во областа на националниот и верскиот живот, значајни научни истражувања од областа на теологијата, историјата, културата и и уметноста, како и музичко сценска и аудио-визуелна презентација на духовното наследство;
- Советување, помагање и поддршка на функционирањето на верските субјекти и нивните проекти;
- Покровителство на директорот на Комисијата на настани, манифестации и случувања;
- Подигнување на свеста за почитување на човековото право на вероисповед и почитување и развој на толеранција кон различностите;

- Го следи почитувањето и имплементирањето на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група од страна на верските субјекти и на другите правни акти, дава предлози за подобрување на законската регулатива;
- Краткорочно и долгорочно планирање на работните активности;
- Води грижа, дава иницијативи за навремено одбележување, организирање и протокол на прослави, јубилеи, настани, верски празници, како и подготовка на учества, честитки и аналитика на евидентирани значајни случувања;
- Меѓународна активност, соработка со институции, верски субјекти, меѓународни организации;
- Стручна обработка на материјали и подготовка на стручни и организациски мислења потребни за работата на Комисијата;
- Протоколарна поддршка за потребите на директорот на Комисијата, институцијата и активностите во кои е институцијата ангажирана;
- Поддршка во предмети за унапредување на третманот на културното наследство и развој на верскиот туризам;
- Следење на сферата на спречување на верски базиран радикализам и фундаментализам;
- Изработка на извештаи за меѓународни организации, за потребите на други институции и водење на евиденција на извештаи за меѓународна употреба;
- Следење и унапредување на состојбите со верските образовни установи;
- Следење на меѓуконфесионалните односи и спречување на тензии;
- Следење и поддршка на агендата на директорот на Комисијата;
- Реализирање на програмските и вонпрограмските активности на Комисијата со кои се остваруваат нејзините надлежности и цели;
- Го следи верскиот печат и литература, како и дневниот печат и медиумите;
- Во соработка со другите сектори и одделенија обработува барања за одобрение на престој за странско верско лице;
- Во соработка со другите сектори и одделенија постапува по барањата за давање на мислење за потврдување на јавен интерес на дадени донации;
- Следење на законската регулатива поврзана со прашања од интерес на верските заедници, давање предлози и мислења во однос на законски прашања од верската сфера;
- Изработка на стратешки и годишен план за работа на институцијата;
- Преведувачки работи, собирање материјали и документи од верската сфера и соживот потребни за работата;
- Соработка со другите сектори, одделенија и раководството на институцијата и координирање во постапувањето.

Член 9

**Сектор за општи работи, правно и финансиско работење и комуникација**

Секторот за општи работи, правно и финансиско работење и комуникација ги планира и организира административните и матријално-финансиските активностите на Комисијата што се однесуваат на:

- Постојано ја следи законската регулатива и се грижи за законито работење на институцијата,

- Ги следи одлуките, заклучоците и ставовите на Владата, се грижи за координираност на институцијата кога тоа е потребно со државните политики и постојано ја следи реализацијата на програмата на Владата за прашања од надлежност на Комисијата;

- Го води регистарот на интерни правни акти, нивното спроведување и предлага рамка за подобрувања на интерната регулација која овозможува законитост, транспарентност и ефикасност во работењето,

- Ги врши сите работи во областа на финансиското работење, подготовката на финансиски документи, буџетска контрола и координација, редовни, повремени и еднократни исплати и аналитика,

- Ја води и се грижи за архивата на институцијата: Примање и преглед на писмените и останати акти, праќање во писарница, доставување за работа, враќање во архива и нивно чување согласно Закон;

- Ги врши сите работи во областа на нормативно-правно работење, административно работење, изработка на правни акти, водење на архивата и останата документација и фотоматријали на институцијата и досиејата на сите вработени лица, ги ажурира и води сите бази на податоци согласно законските одредби;

- Ги следи реализациите на сите редовни и периодични обврски на институцијата, ажурира регистар на административни и законски обврски;

- Води грижа за прашањата од работен однос на врабтоените лица, ја води базата на податоци за административните службеници и ги обезбедува нивните законски права;

- Овозможува техничка и административна поддршка за функционирањето на институцијата, набавки, обезбедување и чување на простор опрема и лица, пренос и дистрибуција на пратки преку курирска служба, превоз на директорот на Комисијата и лица вработени во Комисијата како и средства и опрема, непречено функцинирање на директорскиот кабинет, хигиена на работниот простор, исправност на опремата и средствата, поправки и одржувања, осигурување на имотот;

- Спроведува попис на средства, имот и опрема и расходување на неупотребливи и технички застарени предмети;

- Изработува буџетско барање, годишен план за вработувања, завршна сметка и други документи,

- Спроведува набавки за потребите на институцијата,

- Стручна обработка на матријали и подготовка на стручни мислења потребни за работата на Комисијата;

- Изработува анализи на различни интересовни подрачја и прашања, води разни статистички податоци и изработува стручни правни мислења;

- Води евиденција на организираните настани од Комисијата и создава институционална меморија;

- Постапува по добиените претставки, молби и други поднесоци од јавноста и граѓаните;

- Изработува стручни мислења по барање на верските заедници;

- Се грижи за односите со јавност на институцијата, го следи и надоградува комуникацискиот потенцијал на институцијата, константно развива нови начини на соработката со верските субјекти, обезбедува поголема транспарентност во работата и ги води социјалните мрежи;

- Ја следи примената на Уставот, законските прописи и подзаконски акти, како и меѓународното право од обласа на заштита и унапредување на граѓанските слободи и права на вероисповед, манифестации на верата и верско здружување;

- Создава услови за правно и непречено извршување на активностите на институцијата и верските субјекти;

- Го прати правното подрачје поврзано за остварување на правата на верските заедници;

- Ја застапува Комисијата пред судските органи;

- Се залага на унапредување на меѓуинституцијалните односи, води грижа за постојан дијалог и развива облици на постојана соработка со државните органи и медиумите во насока на остварување на утврдените политики за заштита на верските права;

- Врши медијаторска и советодавна улога помеѓу отворени прашања на верските заедници со државните институции на план на остварување на правата на верските заедници;

- Ја нагледува соработката на државата со верските заедници;

- Врши стручна поддршка во соработка со другите одделенија и сектори при изработка на мислења и постапување по предмети за одобрување на престој на странско верско лице согласно Закон.

- Дава предлози и го подготвува Стратешкиот и годишниот план за работа, буџетот, изготвува годишни извештаии, финансиска и функционална анализа и други интерни акти;

**I Одделение за правни и финансиски прашања, човечки ресурси и документација**

- Постојано ја следи законската регулатива и се грижи за законито работење на институцијата;

- Ги следи одлуките, заклучоците и ставовите на Владата, се грижи за координираност на институцијата кога тоа е потребно со државните политики и постојано ја следи реализацијата на програмата на Владата за прашања од надлежност на Комисијата;

- Го води регистарот на интерни правни акти, нивното спроведување и предлага рамка за подобрувања на интерната регулација која овозможува законитост, транспарентност и ефикасност во работењето;

- Ги врши сите работи во областа на финансиското работење, подготовката на финансиски документи, буџетска контрола и координација, редовни, повремени и еднократни исплати и аналитика;

- Ги врши сите работи во областа на нормативно-правно работење, административно работење, изработка на правни акти, водење на архивата и останата документација и фотоматријали на институцијата и досиејата на сите вработени лица, ги ажурира и води сите бази на податоци согласно законските одредби;

- Изработува буџетско барање, годишен план за вработувања, завршна сметка и други документи,

- Спроведува набавки за потребите на институцијата,

- Ги следи реализациите на сите редовни и периодични обврски на институцијата, ажурира регистар на административни и законски обврски;

- Изработува анализи на различни интересовни подрачја и прашања, води разни статистички податоци и изработува стручни правни мислења;

- Постапува по добиените претставки, молби и други поднесоци од јавноста и граѓаните;

- Изработува стручни мислења по барање на верските заедници;

- Создава услови за правно и непречено извршување на активностите на институцијата и верските субјекти;

- Го прати правното подрачје поврзано за остварување на правата на верските заедници;

- Ја застапува Комисијата пред судските органи;

- Врши медијаторска и советодавна улога помеѓу отворени прашања на верските заедници со државните институции на план на остварување на правата на верските заедници;

- Ја нагледува соработката на државата со верските заедници;

- Дава предлози и го подготвува Стратешкиот и годишниот план за работа, буџетот, изготвува годишни извештаии, финансиска и функционална анализа и други интерни акти;

- Ја следи примената на Уставот, законските прописи и подзаконски акти, како и меѓународното право од областа на заштита и унапредување на граѓанските слободи и права на вероисповед, манифестации на верата и верско здружување;

- Врши стручна поддршка во соработка со другите одделенија и сектори при изработка на мислења и постапување по предмети за одобрување на престој на странско верско лице согласно Закон.

**II Одделение за административна и техничка поддршка**

- Постојано ја следи законската регулатива и се грижи за законито работење на институцијата;

- Ги следи одлуките, заклучоците и ставовите на Владата и се грижи за координираност на институцијата кога тоа е потребно со државните политики;

- Ја води и се грижи за архивата на институцијата: Примање и преглед на писмените и останати акти, праќање во писарница, доставување за работа, враќање во архива и нивно чување согласно Закон;

- Ги води базите со податоци согласно законските одредби во соработка со другите одделенија и сектори,

- Ги следи реализациите на сите редовни и периодични обврски на институцијата, ажурира регистар на административни и законски обврски;

- Води грижа за прашањата од работен однос на врабтоените лица, ја води базата на податоци за административните службеници и ги обезбедува нивните законски права;

- Овозможува техничка и административна поддршка за функционирањето на институцијата, набавки, обезбедување и чување на простор опрема и лица, пренос и дистрибуција на пратки преку курирска служба, превоз на директорот на Комисијата и лица вработени во Комисијата како и средства и опрема, непречено функцинирање на директорскиот кабинет, хигиена на работниот простор, исправност на опремата и средствата, поправки и одржувања, осигурување на имотот;

- Спроведува попис на средства, имот и опрема и расходување на неупотребливи и технички застарени предмети;

- Стручна обработка на матријали и подготовка на стручни мислења потребни за работата на Комисијата;

- Води евиденција на организираните настани од Комисијата и создава институционална меморија;

- Се грижи за односите со јавност на институцијата, го следи и надоградува комуникацискиот потенцијал на институцијата, константно развива нови начини на соработката со верските субјекти, обезбедува поголема транспарентност во работата и ги води социјалните мрежи;

- Се залага на унапредување на меѓуинституцијалните односи, води грижа за постојан дијалог и развива облици на постојана соработка со државните органи и медиумите во насока на остварување на утврдените политики за заштита на верските права;

## IV НАЧИНИ И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ

Член 10

За целосно остварување на целите, задачите и функциите на Комисијата како и остварување на соработката со државните органи и институции, како и со црквите, верските заедници и религиозните групи се формира Колегиум.

Член 11

Колегиумот го сочинуваат:

- Директорот
- Раководителите на секторите и
- Раководителите на одделенијата.

По потреба Директорот во работата на Колегиумот може да вклучи и други вработени лица или надворешни стручни лица кои имаат продлабочени познавања од одредена област.

Стручниот Колегиум го свикува најмалку еднаш месечно и со него раководи Директорот.

## V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престаанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи бр. 03-155/7 од 16. 10. 2010 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи бр. 01-147/3 од 15. 03. 2013 година.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Директор**

**м-р Даријан Сотировски**

____________________________